# Извештај за работата на Одделот за телекомуникации при македонската ИЕЕЕ секција за 2014 година

### 1. Награда за значајно достигнување за Одделот

Нашиот Оддел за телекомункации е добитник на Наградата за значајно достигнување (Chapter Achievement Award) за 2014 година во регионот на Европа, Блиски Исток и Африка (ЕМЕА), која е доделена од страна на IEEE Communications Society. Наградата се состои од Плакета и парични средства (1000 УСД), и е проследена со цитат:

„За извонредни достигнувања во активностите на Одделот
и за придонес во реализацијата на целите на Друштвото за телекомуникации“.




*Плакета за значајно достигнување на Одделот за телекомуникации*

**Напомена**: Наградата за значајно достигнување се доделува секоја година од страна на IEEE Communications Society на четири Оддели за телекомуникации кој делуваат во четири различни региони во светот. Следниве Оддели се добитници на наградата за 2014 година: (1) Малезија - за регионот на Азија и Пацификот (43 Оддели), (2) Република Македонија - за регионот на Европа, Блискиот Исток и Африка (52 Оддели), (3) Колумбија - за регионот на Латинска Америја (25 Оддели), и (4) Њу Џерси - за регионот на Северна Америка (93 Оддели). Церемонијата за доделување на Наградата се одржа на 10 декември 2014 година на Гала вечерата на конференцијата IEEE Globecom 2014 во Остин, Тексас. Бидејќи претставник на нашиот Оддел не присуствување на оваа церемонија, плакетата е доставена подоцна по пошта.

## 2. Состојба со членството

Во 2014 година, Одделот за телекомуникации броеше 57 членови. Во Табелата подолу е дадена бројната распределба по различни нивоа на членство.

Табела: **Состојба со членство на Одделот за телекомуникации**

| ComSoc Macedonia members | **Година 2014** | Година 2013 | Година 2012 |
|---|---|---|---|
| Senior Member | **11** | 11 | 4 |
| Member | **25** | 20 | 15 |
| Graduate Student Member | **15** | 22 | 11 |
| Student Member | **6** | 6 | 4 |
| **Вкупно членови** | **57** | 59 | 34 |

## 3. Технички активости (спроведени три технички предавања)

- Гостување на Истакнат предавач на ИЕЕЕ (Distinguished Lecturer), проф. Norman Beaulieu, University of Alberta, Канада. Предавање со наслов „Generalized models for fading with diffuse scatter plus line-of-sight components“, одржано на 3 март 2014 година (сала за состаноци на ФЕИТ во Скопје). Предавање е организирано во рамките на турнејата (Distinguished Lecturer Tour) на проф. Norman Beaulieu на релација Скопје-Белград-Подгорица-Фиренца.

- Гостување на Истакнат предавач на ИЕЕЕ, проф. Vijay Bhargava, University of British Columbia, Ванкувер, Канада. Предавање со наслов „Green Cellular Networks: Research Issues and Challenges “, одржано на 9 април 2014 година (сала за состаноци на ФЕИТ во Скопје).

- Гостување на проф. Петар Поповски, University of Aalborg, Данска. Предавање со наслов „Delayed Channel State Information: Incremental Redundancy with Backtrack Retransmission“ одржано на 23 декември 2014 година (сала за состаноци на ФЕИТ во Скопје). Предавањето е организирано како заедничка активност со Одделот за теорија на информации.

## 4. Финансиски средства доделени на Одделот

Во април 2014, Одделот за телекомуникации поднесе барање за финансирање на сопствени активности до централата на IEEE Communications Society во Њујорк. Апликацијата е одобрена на 23 јули 2014 година, и притоа на нашиот Оддел за телекомуникации му се доделени парични средства во висина од 725 УСД.

Средствата се наменети за: (1) организација и покривање на трошоци за гостување на Истакнати Предавачи (Distinguished Lecturers) на IEEE Communications Society во Македонија, (2) воспоставување и доделување годишна награда ComSoc Macedonia Student Achievement, (3) одржување на сопствена веб страница на Одделот за телекомуникации, и (4) други намени.

## 5. Награда за студентско достигнување

Одделот за телекомуникации востанови Награда за студентско достигнување (ComSoc Macedonia Student Achievement Award) во 2012 година.

Добитник на Наградата за студентско достигнување за 2014 година е м-р Марко Анѓеличиновски, магистрант на студиската програма од втор циклус „Безжични и мобилни комуникации“ на ФЕИТ во Скопје.

Наградата на м-р Марко Анѓеличиноски му е доделена за следниве достигнувања: (1) Одбранета магистерска работа на ФЕИТ Скопје во текот на 2014 година, во која е изложен иновативен теоретски придонес во областа на локализација на предаватели, преку користење на комплексен математички апарат (статистичко процесирање на сигнали и линеарна алгебра), (2) Објавен труд во IEEE Communications Letters и IEEE Communications Surveys and Tutorials, како дел од магистерската работа, и (3) Објавен труд на конференцијата ЕТАИ 2013 (конференцијата е ко-спонзорирана од Одделот за телекомуникациисо 300 УСД).

Церемонијата за доделување на Наградата се одржа во просториите на Институтот за телекомуникации при ФЕИТ во Скопје на 16 октомври 2014 година.

**Напомена**: Наградата за студентско достигнување се доделува еднаш годишно на студент запишан на додипломски или магистерски студии по телекомуникации и комуникациски технологии на универзитет во Република Македонија. За добитник на Наградата се избира кандидат кој постигнал одлични резултати при спроведени истражувања во областа на телекомуникациите во претходната или тековната година. По правило, резултатите од истражувањето треба да се објавени во научен труд во претходната или тековната година, каде студентот се јавува како автор или коавтор. Предност имаат кандидати кои објавиле научен труд во IEEE списание или Зборник на IEEE конференција. Изборот на добитникот на Наградата го врши стручна Комисија составена од 3 члена. Фондот за наградата целосно се обезбедува од страна на Одделот за телекомуникации, а за таа намена, Одделот секоја година аплицира за наменски средства во IEEE Communications Society со седиште во Њујорк, САД.

## 6. Одржување на веб страница и Facebook профил

Одделот за телекомуникации располага со сопствена веб страница и Facebook профил. На веб страницата и facebook профилотот редовно се поставуваат информации за активностите на нашиот Оддел, Друштвото за телекомуникации, зачленување и обновување на членството во ИЕЕЕ, информација за техничките активности, Наградата за студентско достигнување, итн.

Веб страница: http://chapters.comsoc.org/macedonia
Facebook профил: https://www.facebook.com/pages/ComSoc-Chapter-Macedonia/303827883029533

11 февруари 2015 год.

Претседател на Одделот за телекомуникации
проф. д-р Зоран Хаџи-Велков